SIGMA
Creating Change Together

A joint initiative of the OECD and the EU, principally financed by the EU

**Резиме 7** Септември, 2016 година

**Јавни набавки**

# Утврдување на способноста на економските оператори

**СОДРЖИНА**


- Општ контекст
- Лична состојба на економските оператори – основни за исклучување, самопрочистување, единствен европски документ за набавка
- Критериуми во фазата на утврдување способност – општи услови
- Примена на критериумите во фазата на утврдување способност – способност за вршење професионална дејност, економска и финансиска состојба, техничка и/или професионална способност
- Докази кои недостасуваат или некомплетни докази
- Потесен избор
- Официјални списоци
- Стратегија за утврдување на способноста на економските оператори
- Секторски дејности
- Дополнителни информации


Одобрено за објавување од Карен Хил, раководител на програмата СИГМА


2 Rue André Pascal
75775 Paris Cedex 16
France
mailto:sigmaweb@oecd.org
Тел.: +33 (0) 1 45 24 82 00
Факс: +33 (0) 1 45 24 13 05
www.sigmaweb.org



Ова резиме е објавено во рамки на надлежноста на Генералниот секретар на ОЕЦД. Мислењата и аргументите коишто тука се изразени не треба да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на Европската унија или земјите-членки на ОЕЦД или земјите-кориснички коишто учествуваат во програмата СИГМА.

Овој документ и секоја мапа вклучена во истиот не се во спротивност со статусот или суверенитетот на која било територија, означувањето на меѓународните граници и со името на која било територија, град или област.

## Општ контекст

Важно е договорниот орган да обезбеди дека ќе склучи договор со економски оператор кој е способен да го изврши и заврши договорот. Според тоа, договорниот орган можеби ќе сака да ја провери, на пример, способноста на економските оператори во однос на усогласеноста со основните законски обврски, како и нивните финансиски ресурси, искуство, вештини и технички ресурси. Потоа, договорниот орган ќе ги исклучи од постапката за јавна набавка оние економски оператори кои немаат задоволителни резултати при таквите проверки. Процесот е познат како квалификациски процес или процес на утврдување на способноста.

Утврдувањето на способноста на економските оператори, по правило, вклучува две различни фази. Прво, договорниот орган утврдува дали постојат основи за исклучување на економските оператори од учество во постапката. Потоа, договорниот орган проверува дали економските оператори кои не биле исклучени ги исполнуваат релевантните услови за да бидат избрани како понудувачи. Економските оператори кои се избрани, потоа, се покануваат да поднесат понуди, да преговараат или да учествуваат во дијалог. Кај отворената постапка, ќе бидат евалуирани понудите коишто економските оператори веќе ги доставиле.

Утврдувањето на способноста на економските оператори се однесува на процесот на оценување и одлучување кои економски оператори се квалификувани да го извршат договорот. Овој процес мора да се спроведе преку примена на објективни, недискриминаторски и транспарентни критериуми за утврдување на способност, кои договорниот орган ги утврдува однапред и им ги соопштува на економските оператори.

Директивата за јавни набавки во класичниот јавен сектор (Директивата)[1] значително го ограничува дискреционото право на договорниот орган во оваа област бидејќи во неа (1) се наведени критериумите за утврдување на способност коишто договорниот орган може да одлучи да ги користи, (2) се утврдени доказите или референците коишто договорниот орган може да ги побара од економските оператори за да потврдат дека ги исполнуваат утврдените критериуми за способност и (3), исто така, се пропишани општите правила за процесот на утврдување на способноста.

Со Директивата се настојува да се обезбеди дека процесот на утврдување на способноста не дава можности за договорните органи да ја прикријат дискриминацијата и дека на економските оператори им се дадени фер можности за учество. Основната цел е да се гарантира дека не е ограничена трговијата во рамки на Заедницата и дека се почитуваат начелата од Договорот[2] за слободата на обезбедување услуги и слободата на основање.

Договорниот орган може да ги користи само следниве критериуми за утврдување способност за да одреди дали економскиот оператор е квалификуван да изврши одреден договор:

- лична состојба на економскиот оператор
    - задолжителни основи за исклучување,
    - незадолжителни основи за исклучување
- способност за вршење професионална дејност

---

1 Директива 2014/24/ЕУ за јавни набавки и за укинување на Директива 2004/18/ЕЗ, 26 февруари 2014 година.

2 Договор за функционирањето на Европската унија – консолидирана верзија на Договорот за функционирањето на Европската унија, *Службен весник на Европската унија*, C 326, 26 октомври, 2012 година. Во резимето за јавните набавки на Договорот се упатува со кратенките „ДФЕУ“ или „Договорот“.

- економска и финансиска состојба
- техничка и/или професионална способност.

## Лична состојба на економските оператори

**Задолжителни основи за исклучување:** Договорниот орган е должен да ги исклучи од учество во постапка за доделување на договор за јавна набавка оние економски оператори за кои има информација дека им била изречена правосилна пресуда за едно или повеќе од следниве кривични дела:

- учество во криминална организација,
- корупција,
- измама,
- терористички кривични дела или кривични дела поврзани со терористички активности,
- перење пари или финансирање тероризам,
- детски труд и други форми на трговија со луѓе.

Основите за исклучување во однос на непочитувањето на обврските за плаќање даноци и придонеси за социјално осигурување се делат на задолжителни и незадолжителни основи за исклучување.

Прво, договорниот орган е должен да исклучи од учество во постапка за јавна набавка економски оператор кој е вклучен во предмет каде што со правосилно и обврзувачко управно решение или судска одлука е утврдено дека постои прекршување на обврските во однос на плаќањето даноци или придонеси за социјално осигурување (задолжителни основи за исклучување).

Второ, договорниот орган може да исклучи или одредена земја-членка може од него да побара да исклучи економски оператор доколку договорниот орган може да докаже, на соодветен начин, дека конкретниот економски оператор ги прекршил своите обврски во врска со плаќањето даноци и придонеси за социјално осигурување (незадолжителни основи за исклучување, коишто земјите-членки може да ги направат задолжителни). Сепак, исклучувањето повеќе не се применува ако економскиот оператор ги платил своите обврски или склучил обврзувачки аранжман за плаќање на заостанатите обврски. Покрај тоа, мора да се платени и целата акумулирана камата и паричните казни.

**Незадолжителни основи за исклучување:** Договорниот орган има право да исклучи економски оператор од учество во постапката за јавна набавка во следниве околности:

1. Договорниот орган може да докаже, на соодветен начин, дека се прекршени применливите обврски поврзани со еколошкото, социјалното и трудовото право утврдени со законодавството на ЕУ, националното законодавство, колективните договори или со меѓународното еколошко, социјално и трудово право.
2. Економскиот оператор е во стечај или е предмет на постапка за стечај или ликвидација, неговите средства се управувани од ликвидатор или од судот, или е во слична ситуација според националните закони или прописи.
3. Договорниот орган може да докаже на соодветен начин дека засегнатиот економски оператор е виновен за сериозен професионален прекршок, што го доведува во прашање неговиот интегритет.

4. Договорниот орган има доволно убедливи индикации да заклучи дека економскиот оператор има склучено договори со други економски оператори насочени кон нарушување на конкуренцијата.
5. Судирот на интереси не може да биде ефективно отстранет со помалку драстични мерки од исклучувањето на економскиот оператор.
6. Нарушувањето на конкуренцијата поради претходно учество на економскиот оператор во подготовката на постапката за јавна набавка не може да биде ефективно спречено со други помалку драстични мерки.
7. Економскиот оператор покажал значителни или трајни недостатоци при исполнувањето на основните услови во претходен договор за јавна набавка или договор за концесија кои довеле до предвремено раскинување на тој претходен договор, надомест на штета или други слични ситуации.
8. Економскиот оператор е виновен за сериозно лажно претставување при обезбедување на информациите потребни за проверка на непостоењето на основи за исклучување или за исполнување на критериумите за утврдување способност, ги затаил таквите информации или не е во состојба да ги достави придружните документи коишто ги бара договорниот орган.
9. Економскиот оператор се обидел да изврши недозволено влијание врз процесот на донесување одлуки на договорниот орган или да добие доверливи информации кои можат да му дадат неоправдана предност во постапките за јавна набавка.

Националното законодавство може да пропише дека сите или некои од горенаведените основи ќе бидат задолжителни основи за исклучување.

**Што е „самопрочистување“?** Директивата воведе мерки за „самопрочистување“. Економските оператори кои се наоѓаат во ситуација каде што се предмет на исклучување од постапка за јавна набавка може да донесат мерки за усогласеност насочени кон отстранување на последиците од сите кривични дела или прекршоци и кон ефикасно спречување на идно непримерно однесување.

Според тоа, економскиот оператор може да достави докази дека мерките коишто ги презел се доволни за да се докаже неговата сигурност и покрај постоењето на релевантни основи за исклучување. На пример, економскиот оператор треба да докаже дека платил или е во процес на исплата на надомест за сите штети настанати како резултат од кривичното дело, дека целосно ги разјаснил фактите и околностите во активна соработка со истражните органи и дека има преземено конкретни технички, организациски и кадровски мерки кои се соодветни за спречување на нови кривични дела.

Доколку договорниот орган смета дека мерките за самопрочистување не се доволни за да се докаже сигурноста на конкретниот економски оператор, операторот треба да добие образложение од договорниот орган на причините поради коишто смета дека мерките не се доволни за економскиот оператор да не биде исклучен од постапката.

Самопрочистувањето не се применува на оние економски оператори кои се исклучени од учество во постапка за доделување на договор за јавна набавка или за концесија преку правосилна пресуда за време на периодот на исклучување којшто произлегува од пресудата (во некои земји-членки исклучувањето од учество во постапките за јавни набавки може да биде дополнителна санкција во судски одлуки за кривични дела). Меѓутоа, ова ограничување се применува само во соодветните земји-членки каде што пресудата е правосилна.

**Што е Единствениот европски документ за набавка?** Со цел поедноставување и ограничување на административното оптоварување, Директивата го воведе

Единствениот европски документ за набавка (ЕЕДН). ЕЕДН е ажурирана лична изјава на економските оператори со која се даваат прелиминарни докази, како замена за сертификатите издадени од јавните органи и трети лица, дека економскиот оператор:

- не се наоѓа во ниту една од ситуациите во кои економскиот оператор треба или може да биде исклучен (задолжителни и незадолжителни основи за исклучување); доколку економскиот оператор има преземено мерки за самопрочистување, тој треба да обезбеди информации за тие мерки;
- ги исполнува релевантните критериуми за утврдување способност определени од договорниот орган;
- кога е применливо, ги исполнува објективните правила и критериуми коишто се поставени за вршење потесен избор.

Според тоа, ЕЕДН треба да се состои од официјална изјава на економскиот оператор дека релевантните основи за исклучување не важат и/или дека релевантните критериуми за утврдување способност се исполнети. Во ЕЕДН треба (1) да се обезбедат релевантните информации што ги бара договорниот орган, (2) да се наведат јавниот орган или третото лице одговорни за подготовка на придружните документи, (3) треба да содржи официјална изјава со која се потврдува дека економскиот оператор, по барање и без одлагање, ќе може да ги достави овие придружни документи и (4) кога договорниот орган може да ги добие придружните документи преку директен пристап до база на податоци, ЕЕДН треба да содржи информации како што се Интернет-адресата на базата на податоци, сите податоци за идентификација и, каде што е применливо, потребната изјава за согласност.

Ако економскиот оператор се повикува на ресурсите на други субјекти, ЕЕДН треба да ги содржи информациите во однос на тие субјекти.

Европската комисија го има објавено стандардниот образец на ЕЕДН. Тој треба да се користи во сите набавки опфатени со Директивата. За постапки под финансиските прагови на директивите, земјите-членки, исто така, може да побараат да се користи ЕЕДН или може да воведат свои сопствени видови изјави коишто ќе се бараат од економските оператори. ЕЕДН може повторно да се користи доколку информациите дадени во овој документ сè уште важат и се прецизни. Од април 2018 година, ЕЕДН мора да биде подготвен и доставен исклучиво во електронска форма.

**Какви докази може да се побараат од економските оператори за да се докаже дека тие не се предмет на задолжителни или незадолжителни основи за исклучување?** Во согласност со начелото на транспарентност, договорниот орган мора да ги наведе во огласот за јавната набавка основите за задолжително или незадолжително исклучување кои ќе се применуваат и информациите кои се бараат од економските оператори за да докажат дека не се наоѓаат во околности кои подлежат на исклучување.

Во моментот на поднесување на пријавите за учество или на понудите, договорниот орган е должен да го прифати ЕЕДН како прелиминарен доказ наместо сертификати издадени од јавни органи или трети лица, со којшто се потврдува дека економскиот оператор не е предмет на задолжителни или незадолжителни основи за исклучување и дека ги исполнува соодветните критериуми за утврдување способност.

Пред да го додели договорот, договорниот орган треба да побара од понудувачот на кого одлучил да му го додели договорот да достави ажурирани придружни документи со коишто се потврдува непостоењето на основи за исклучување и исполнувањето на критериумите за утврдување на способноста.

Сепак, договорниот орган може да побара од понудувачите и кандидатите во секој момент од постапката за јавна набавка да ги достават сите придружни документи или

дел од нив, ако тоа е потребно за да се обезбеди правилно спроведување на постапката. Оваа обврска може да биде потребна, на пример, во ограничената постапка или во други постапки со посебна фаза за утврдување на способноста и избор на кандидати, каде што само ограничен број кандидати ќе бидат поканети да поднесат понуди (процес познат како „потесен избор").

Од друга страна, договорниот орган не смее да бара доставување придружни или други документи кога има можност да ги добие овие документи директно од национална база на податоци во секоја земја-членка којашто е достапна бесплатно. Примери на такви бази на податоци се националните регистри за набавки, виртуелните досиеја на друштва или системите за претквалификација. Економските оператори не мора да доставуваат документи во случај кога договорниот орган веќе ги има тие документи кај себе, откако претходно доделил договор или склучил рамковна спогодба.

**Каков вид придружни документи се бараат?** Во врска со задолжителните основи, генерално, овие докази мора да бидат во форма на извадок од судскиот регистар или еквивалентен документ или, ако земјата не издава такви документи, изјава под заклетва или свечена изјава. Ако е можно, договорниот орган треба да побара од економскиот оператор да достави докази дека не е предмет на задолжителните основи за исклучување.

Во врска со незадолжителните основи, видовите докази варираат во зависност од конкретните незадолжителни основи за исклучување. Во однос на сериозен престап поврзан со вршење професионална дејност и сериозно лажно претставување на информации, договорниот орган треба да ги определи прифатливите видови докази.

**Економски оператори основани во други земји-членки:** Во практика може да е тешко за договорниот орган да ги утврди видовите документи/докази кои економските оператори основани во други земји-членки може да ги достават за да докажат дека не се опфатени со ниту една задолжителна или незадолжителна основа за исклучување и да ги идентификува органите кои се овластени да ги издаваат тие документи/докази во согласност со нивното национално законодавство.

За да се олесни пристапот до тие информации во различни земји-членки на ЕУ, службите на Европската комисија воспоставија онлајн архива за сертификати (e-Certis), којашто содржи информации за сертификатите и другите форми на документарни докази кои се користат во различни земји-членки. Земјите-членки мора да постојано да ги ажурираат овие информации. До архивата e-Certis може да се пристапи преку нејзината веб-страница[3].

## Критериуми во фазата на утврдување способност – општи услови

Во согласност со начелото на транспарентност, договорниот орган мора да ги наведе во огласот за јавна набавка критериумите за утврдување способност кои ќе се применуваат и релевантните информации кои треба да се обезбедат.

Договорниот орган може, но не е должен да ја разгледува способноста, економската и финансиската состојба и техничката/професионалната способност на економските оператори. Според тоа, договорниот орган може да одлучи што ќе побара и што нема да побара, во рамки на ограничувањата на дозволените критериуми за утврдување способност.

Критериумите мора да бидат поврзани и сразмерни со предметот на договорот. Утврдувањето критериуми кои не се потребни или не се соодветни може да привлече

[3] http://ec.europa.eu/markt/ecertis/login.do

економски оператори кои не се квалификувани или да ги одврати ефикасните економски оператори од учество.

Се остава на дискреционото право на договорниот орган да ги утврди минималните нивоа на способност кои економските оператори мора да ги исполнат. Меѓутоа, ако договорниот орган одлучи да ги утврди минималните нивоа на способност, тие нивоа, исто така, мора да бидат поврзани и сразмерни со предметот на договорот и да бидат наведени во огласот за јавната набавка.

Во ниту еден случај предвидените критериуми за утврдување способност не може да се менуваат или да не се земат предвид во текот на процесот на утврдување способност на економските оператори. Во оваа фаза, предвидените критериуми за утврдување способност треба да се применат како што се определени.

## Примена на критериумите во фазата на утврдување способност

**Способност за вршење професионална дејност:** Договорниот орган може да провери дали економските оператори се генерално способни и подобни за вршење на професионалната дејност на тој начин што ќе побара од нив да докажат дека се регистрирани во професионални или трговски регистри во земјата-членка каде што се основани. Доколку во тие земји не постојат релевантни регистри, економските оператори може да приложат изјава под заклетва или сертификат, во согласност со одредбите од нивните национални законодавства. Регистрите и соодветните изјави или сертификати за секоја од земјите-членки се дадени во релевантните анекси од Директивата.

**Дали договорниот орган може да бара од странски понудувачи да бидат регистрирани во земјата-членка во која се наоѓа договорниот орган?** Судот на правдата на Европската унија (СПЕУ) смета дека таквото барање е дозволено, иако мора да се исполнат одредени услови поврзани со еднаквиот третман. СПЕУ заклучил дека договорниот орган може да исклучи понудувач кој не ги исполнил обврските (на пример, во врска со плаќањето даноци или придонеси за социјално осигурување) во земјата-членка каде што се наоѓа договорниот орган. Исто така, дозволена е одделна проверка дали тие обврски се исполнети. Барањето за регистрација е законито, под услов тоа да не го усложнува или одложува учеството на странскиот понудувач или да не доведува до прекумерни административни трошоци.

Од друга страна, договорниот орган не може да бара од економски оператор кој е основан во друга земја-членка да биде упишан во трговски или професионален регистар во земјата на договорниот орган. Ова барање би било спротивно на Директивата и на начелото за слобода на обезбедување услуги.

**Економска и финансиска состојба:** Договорниот орган може да ја земе предвид економската и финансиската состојба на економските оператори. Конкретните критериуми за економската и финансиската состојба мора да имаат за цел да се оцени дали економските оператори имаат соодветни финансиски ресурси (во текот на целиот договорен период), како на пример готовина, кредитна линија или друг извор, за да го изведуваат и завршат договорот кој ќе се додели. На пример, договорните органи може да бараат економските оператори да имаат одреден минимален годишен промет, вклучувајќи и одреден минимален промет во областа опфатена со договорот.

Со цел да се олесни учеството на малите и средни претпријатија, по правило, Директивата забранува договорните органи да бараат минимален годишен промет којшто е двапати повисок од проценетата вредност на договорот. Сепак, договорниот орган може да бара поголем промет, но само во оправдани случаи, како во околности поврзани со посебните ризици кои произлегуваат од природата на работите, услугите или стоките. Покрај тоа, треба да се наведат и главните причини за таквото барање.

**Докази кои може да се бараат од економските оператори како доказ за нивната економска и финансиска состојба:** Директивата во еден од анексите обезбедува листа на видови докази коишто, по правило, договорниот орган може да ги побара од економските оператори како доказ за нивната економска и финансиска состојба. Меѓутоа, оваа листа е само индикативна и не е исцрпна. Според тоа, договорниот орган може да побара и други докази кои не се наведени во листата од Директивата, под услов тоа да е во согласност со основните начела на јавните набавки. Директивата јасно пропишува дека доказите/информации коишто се бараат од економските оператори треба да бидат поврзани и сразмерни со предметот на договорот.

**Техничка и/или професионална способност:** Договорниот орган може да ја земе предвид техничката и/или професионалната способност на економските оператори. Конкретните услови за техничката и/или професионалната способност имаат за цел да обезбедат дека економските оператори ги поседуваат неопходните човечки и технички ресурси и искуство за да го извршат договорот со соодветен стандард.

**Докази кои може да се бараат од економските оператори како доказ за нивната техничка и/или професионална способност:** Директивата во еден од анексите пропишува исцрпна листа на докази кои договорниот орган може да ги бара од економските оператори за докажување на нивната техничка и/или професионална способност. Имајќи предвид дека листата е исцрпна, договорниот орган не може да бара други докази кои не се наведени во неа. Меѓутоа, договорниот орган не е должен да ги бара сите наведени докази туку само доказите кои се потребни за да се оцени техничката и/или професионалната способност на економските оператори во врска со договорот кој ќе се додели. Оваа листа на докази е поделена според предметот на договорот (односно на стоки, работи или услуги).

**Дали економски оператор може да биде поддржан со ресурси од други субјекти за да ја докаже својата економска и финансиска состојба или техничка и/или професионална способност?** Економскиот оператор, онаму каде што е соодветно и во врска со конкретен договор, може да биде поддржан со капацитетите на други субјекти, без разлика на правната природа на поврзаноста која ја има со тие субјекти. Во таков случај, тој мора да докаже дека ќе ги има на располагање потребните ресурси, на пример, на тој начин што субјектите ќе преземат обврска за таа цел. Оваа можност му овозможува на економскиот оператор да биде поддржан со економските и финансиските ресурси на поврзаните субјекти, но и на подизведувачите или на кој било друг субјект кој му ги става своите ресурси на располагање на економскиот оператор.

Група економски оператори, исто така, според истите услови, може да биде поддржана со капацитетите на учесниците во групата или од други субјекти. Кај критериумите за образовни и професионални квалификации или за професионално искуство, економските оператори може да се повикаат на капацитетите на други субјекти само кога тие субјекти ќе ги изведуваат работите или услугите за коишто се потребни такви капацитети. Договорниот орган не смее да инсистира на специфична форма на документ со којшто се потврдува дека ресурсите му се достапни на економскиот оператор. На пример, договорниот орган не смее да бара договор за соработка или формирање партнерство од страна на економскиот оператор со тие субјекти.

## Докази кои недостасуваат или некомплетни докази

Во Директивата е јасно наведено дека договорниот орган може да ги покани економските оператори да ги *дополнат* или *појаснат* поднесените докази. Директивата не посочува што се подразбира под „дополнителни“ докази или „појаснување“.

Отфрлањето на поволна пријава за учество бидејќи економскиот оператор не доставил конкретен доказ кој го бара договорниот орган може да биде спротивно на начелото за

ефективна јавна набавка. Од друга страна, барањето докази кои недостасуваат може да одземе многу време и да го продолжи времето за оценување на изјавите за интерес/пријавите за учество или за евалуација на понудите бидејќи ќе треба да се чека сè додека не се достави бараниот доказ.

Разумен пристап е да им се дозволи на договорните органи да бараат дополнителни докази, под услов тие да се поврзани со веќе поднесените докази и со соодветните однапред одредени критериуми за утврдување способност. Покрај тоа, препорачливо е да им се дозволи на договорните органи да појаснуваат докази коишто се веќе доставени ако поднесените докази содржат неконзистентни или противречни информации, ако се нејасни или содржат пропусти.

Во практика и со цел да се намали товарот врз економските оператори, но и товарот врз договорните органи, може да е соодветно да се ограничи верификацијата на доставените докази. Директивата не дава никакви упатства за ова прашање. Меѓутоа, во некои земји-членки на ЕУ, во националното законодавство е конкретно утврдено како договорните органи треба да го решаваат ова прашање.

## Потесен избор

Дозволено е да се подготви листа на економски оператори кои влегле во потесниот избор од оние оператори кои се квалификувани, а потоа економските оператори на листата се поканувaат да поднесат понуда/преговараат/учествуваат во дијалог. Притоа, договорниот орган мора да ги има предвид следниве работи:

- Договорниот орган мора да применува објективни и недискриминаторски критериуми (или методологии).
- Само објективните и недискриминаторски критериуми коишто се дозволени со Директивата може да се применуваат за утврдување на способноста на економските оператори. Оттука, сите критериуми кои се надвор од опфатот на критериумите дозволени со самата Директива се забранети.
- Договорниот орган мора да ја земе предвид соодветната финансиска или техничка способност на економските оператори. Оваа анализа ќе резултира со соодветно рангирање на квалификуваните економски оператори, притоа овозможувајќи му на договорниот орган да ги идентификува економските оператори кои се најдобро квалификувани да го извршат договорот кој ќе се додели.
- Со цел да се идентификува соодветното рангирање на квалификуваните економски оператори и да се **утврди кои економски оператори да се поканат да поднесат понуда/да преговараат/да водат дијалог од** редот на квалификувани економски оператори, договорниот орган може, исто така, да развие методологии врз основа на систем на бодување/оценување.
- Договорниот орган треба да ги наведе во огласот за јавна набавка објективните и недискриминаторски критериуми и методологии кои има намера да ги примени за вршење на потесниот избор. Оваа обврска има за цел да ги заштити начелата на еднаков третман и транспарентност и да ги ограничи можностите за злоупотреба и дискреционо одлучување на договорните органи.

## Официјални списоци

Директивата им дозволува на земјите-членки да воспоставуваат и користат официјални списоци на одобрени економски оператори. Генерално, овие системи за регистрација мора да се воспоставaт и да работат во согласност со правилата за прифатливи

критериуми за утврдување способност предвидени во Директивата. Економските оператори регистрирани на официјален список не треба да се третираат поповолно од оние кои не се регистрирани, а системот за регистрација мора да им овозможува на економските оператори да побараат, во кое било време, да се регистрираат. Економските оператори на такви списоци во земјата-членка каде што се основани може да побараат таква регистрација, со одредени ограничувања, како алтернативен доказ дека ги исполнуваат критериумите за утврдување способност врз основа на кои се извршила регистрацијата.

## Стратегија за утврдување на способноста на економските оператори

**Контролна листа на главните аспекти што треба да се земат предвид:** Севкупната стратегија за утврдување на способноста на економските оператори треба да се определи пред почеток на постапката. Оваа стратегија мора да биде утврдена на начин кој ги почитува начелата на општото право, вклучувајќи ги соодветните начела од Договорот, како и националното законодавство.

Следнава контролна листа ги опфаќа главните прашања кои, генерално, договорниот орган треба да ги има предвид кога ја дефинира својата севкупна стратегија за утврдување на способноста на економските оператори (* не се применува за отворената постапка):

1. Дали ја идентификувавте категоријата на критериуми за утврдување способност кои ќе ги примените?
2. Дали ги утврдивте посебните критериуми кои ќе ги примените за секоја категорија на избрани критериуми за утврдување способност?
3. Дали сметате дека е соодветно да одредите минимални нивоа на способност во врска со кој било критериум за утврдување економска и финансиска способност или во врска со кој било критериум за утврдување техничка и/или професионална способност кои ќе ги примените? Доколку сметате дека е соодветно, дали ги одредивте тие минимални нивоа на способност?
4. Дали ги утврдивте доказите/референците кои економските оператори ќе треба да ги достават за да докажат дека ги исполнуваат предвидените критериуми за утврдување способност?
5. *Кај ограничените постапки, конкурентните постапки со преговарање и постапките со конкурентен дијалог, договорниот орган треба да ги разгледа следните прашања:
   а) Дали го утврдивте минималниот број на економски оператори кои ќе бидат поканети да поднесат понуда/да преговараат/да водат дијалог?
   б) Дали сметате дека е соодветно да го одредите максималниот број на економски оператори кои ќе бидат поканети да поднесат понуда/да преговараат/да водат дијалог? Доколку сметате така, тогаш:
      - Дали фиксно го одредивте тој максимален број?
      - Дали ги утврдивте критериумите или методологиите кои ќе ги примените за да ги изберете економските оператори кои ќе ги поканите да поднесат понуда/да преговараат/да водат дијалог од редот на економските оператори кои се квалификувани?
      - Дали утврдивте дали постојат задолжителни обрасци на прашалници за претквалификација (ППК) кои треба да ги користите?

1. Дали утврдивте, во согласност со условите во применливото право, кога, каде и како треба да го објавите следното:
    а) критериумите за утврдување способност кои ќе ги примените?
    б) минималното ниво на способност кое ќе го примените?
    в) доказите/референците кои ќе ги барате?
    г) минималниот број економски оператори кои ќе ги поканите да поднесат понуда/да преговараат/да водат дијалог?*
    д) максималниот број економски оператори кои ќе ги поканите да поднесат понуда/да преговараат/да водат дијалог?*
    ѓ) критериумите или методологиите кои ќе ги примените за да ги изберете економските оператори кои ќе бидат поканети да поднесат понуда/да преговараат/да водат дијалог од редот на економските оператори кои се квалификувани?*

## Секторски дејности

Согласно со Директивата за секторските дејности, договорните субјекти од секторски опфатените дејности имаат малку поголема флексибилност во изборот на критериумите за утврдување способност кои може да ги применат и доказите кои може да ги бараат од економските оператори.

По правило, договорните субјекти од секторски опфатените дејности кои одредуваат критериуми за утврдување способност во отворени постапки, ограничени постапки, постапки со преговарање со повик за поднесување понуди и во партнерства за иновации мора да го прават тоа во согласност со објективните правила и критериуми. Ако за секторските дејности, во правилата и критериумите, тие ги вклучат критериумите за утврдување способност определени во Директивата, договорните субјекти треба да ги применуваат тие критериуми во согласност со обврските од Директивата. На пример, тука се подразбира обврската за применување на ограничувања во врска со критериумите за финансиска и економска состојба (максимален годишен промет), ЕЕДН и документите и сертификатите кои може да се бараат.

Договорните субјекти од секторски опфатените дејности, исто така, може да воспостават и работат со квалификациски системи. Тие системи мора да функционираат врз основа на објективни критериуми, а правилата за квалификација ги утврдува договорниот субјект. Квалификациските системи се слични на официјалните списоци за економски оператори според Директивата, со исклучок на тоа што овие системи ги воспоставуваат договорните субјекти во секторски опфатените дејности за нивна употреба.

## Дополнителни информации

### Публикации

СИГМА (2015), *Прирачник за обука за јавните набавки* – Модул Д3, издание на ОЕЦД, Париз: http://www.sigmaweb.org/publications/public-procurement-training-manual.htm

СИГМА (2014), *Избрани пресуди на Судот на правдата на Европската унија за јавните набавки* (2006-2014), издание на ОЕЦД, Париз.

http://www.sigmaweb.org/publications/Judgements-CourtJustice-31July2014-MKD.pdf

### Резимеа за јавните набавки

http://www.sigmaweb.org/publications/key-public-procurement-publications.htm

СИГМА (2016), *Користење официјални списоци за автоматско исклучување во јавните набавки*, Резиме 24, издание на ОЕЦД, Париз

### Други извори

Избрана судска практика на Судот на правдата на Европската унија: C-31/87 „Beentjes“, C-357/06 „Frigerio Luigi и C.“, C-305/08 „CoNISMa“, C-213/07 „Michaniki“, C-538/07 „Assitur“, C-376/08 „*Serrantoni и Consorzio stabile edili*“, C-74/09 „*Bâtiments and Ponts Construction и WISAG Produktionsservice*“, C-465/11 „*Forposta и ABC Direct Contact*“, C-234/14 „*Ostas celtnieks*“, http://curia.europa.eu/jcms/jcms/j_6/